Проектна задача по социологија
Извештај од емпириско истражување

Тема: Девијантно однесување

**Проблем на проучување:**

# СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ВО Р. МАКЕДОНИЈА

**Ментор:**
**проф. Невена Арсовска**

**Кандидат:**
**Бојан Гиевски**

**Средно училиште на Град Скопје**
**Гимназија „Орце Николов”, април 2007**

***Апстракт***

На почетокот на 21 век криминалот што го прават малолетниците предизвикува реакција на општеството.Тоа е проблем со кој се соочува и Р. Македонија. Во изминатиот период се бележи голем и брз развој на средствата за комуникација. Интернетот, мобилните телефони, компјутерите, кабелските телевизии и сл. им овозможуваат на младите за многу кратко време да стигнат до потребните информации. Нивните побарувања и потреби се зголемуваат од ден на ден, а транзицијата и кризата во која се наоѓа Р. Македонија не одат во прилог на задоволување на нивните потреби. Транзицијата проследена со невработеноста, ниските технички придобивки, им овозможуваат секојдневно да гледаат разни начини за брзо и лесно збогатување, кое ќе им обезбеди мирен и сигурен живот, а притоа се користат најразлични облици на криминал. Еден дел од младите го прифаќаат ваквиот начин на решавање на нивните проблеми. Мерките кои ги преземаат институциите на системот очигледно не се доволни во борбата со оваа појава каде, сепак, последиците ги сносат малолетните членови на заедницата.



**Клучни зборови: малолетници, малолетничко престапништво, малолетнички криминал, малолетничка деликвенција, санкции.**


***Вовед***

Криминалитетот секогаш претставувал голем проблем низ целокупниот историски развој на човештвото. Во сите фази на развојот на општеството се преземале мерки за негово спречување, но не се постигнале очекуваните резултати.

И денес, на почетокот од 21 век со големиот развој на науката и техниката, повисокото ниво на образование, користењето на компјутери и Интернет, криминалот и понатаму е основен проблем во современото општество.Тој не само што не се намалува, туку се појавуваат и нови форми кои во минатото не биле познати. Ваквата ситуација е многу позагрижувачка е кога се знае дека како сторители на кривичните дела се јавуваат малолетниците.

Малолетничката деликвенција или малолетничкиот криминалитет е таков вид човечко однесување кое во значајна мера отстапува, односно ги крши општествените норми на една заедница и предизвикува реакција на несогласување со тој вид на однесување. Станува збор за понов вид деликвенција, а најчесто претставува последица на современиот живот и современото семејство.

Во Република Македонија, во последните десет години, малолетничката деликвенција е во постојан пораст. Бројот на малолетниците кои подлежат на девијантно однесување расте, а возрасната граница на лицата кои се вршители на девијации, оди во насока на помала возраст.

Иако досега не постои општо-прифатена теза за причините за појава на девијациите, врз основа на податоците од истражувањата на МВР, Социолошкиот институт, според докторски или магистерски трудови,

презентации на Интернет, податоците од Заводот за статистика, како и податоците од веќе претходно спроведените емпириски истражувања покажуваат дека девијациите се во врска со низа општествено - економски фактори: **сиромаштијата, невработеноста, ниските образовни и стручни квалификации, различните конфликтни ситуации, наследството, семејните влијанија, влијанијата на пошироката околина, психичката нарушеност на здравјето итн.**

Најчести облици на малолетничката деликвенција се: **скитањето, проституција, кражбите и насилствата.**

***Хипотеза и помошни хипотези***

Осиромашувањето на поголемиот дел од населението, невработеноста, нарушувањето на вредностите на системот, нефункционирањето или лошото функционирање на институциите во државата, кај младите доведоа до состојба на бесперспективност, состојба на фрустрации, чувство на загубеност, а тоа се состојби кои ја зголемуваат мотивацијата за престап.

Од оваа општа хипотеза се извлекуваат и поставуваат определени посебни, односно поединечни претпоставки, како на пример:

- малолетничкиот криминал во последните години е во постојан пораст;
- лошата материјална состојба на нашето општество во целост е во корелација со порастот на малолетничкиот криминалитет;
- 95% од сите казнени дела кои ги вршат малолетниците отпаѓаат на имотните дела;
- нарушувањето на односите и вредностите во семејството.

***Цели на истражувањето***

Со оглед на проблемите кои сѐ почесто ги создаваат малолетничките деликвенти, целта на ова истражување ќе бидат повеќе теми поврзани со оваа група на луѓе. Посебен акцент во истражувањето ќе се стави врз: причините поради кои малолетниците се одлучуваат на криминал, начинот на кој ги вршат криминалните дела, најзастапените кривични дела, статистичките податоци во однос на процентуалната застапеност на криминалот кај малолетниците и, секако, мерките кои би требало да се преземат со цел искоренување на оваа негативна појава.

***Предмет на истражување***

Овој проблем кај нас досега е научно истражуван при што се дошло до одредени сознанија. Разните проблеми, на кои сме сведоци во денешницата, негативно влијаат врз целкупното општество, особено на младата

популација. Како резултат на сето тоа сѐ почесто младите се одлучуваат да извршат кривично дело. Во склоп на на ваквиот пристап ќе се посвети одредено внимание и на факторите што влијаат во реализирањето на деликвенциите кај младите, како што се: смејството, образованието, медиумите, слободното време на младите...

### *Методи и техники*

- Анализа на содржина на прирачници од Министерството за внатрешни работи
- Интервју со инспектор за малолетничка деликвенција од МВР
- Статистичко мерење на порастот на криминалитетот кај малолетниците
- Метод на набљудување
- Анкета
- Компаративен метод.
- Статистички метод

### *Опис на постапките и техниките на прибирање податоци*

1. Анализа на теориските постапки за поставениот проблем - малолетничката деликвенција
2. Преземање податоци од соодвенти институции - МВР, Завод за статистика
3. Научно - стручни публикации од Социлошкиот институт, Социолошка ревија, правно - криминолошки студии...
4. Техника на анкетирање, интервју, набљудување
5. Статистички метод, преку кој ќе се дојде до димензиите на појавата и принципите за нејзиното настанување. Приказите ќе бидат дадени во табели и графикони.
6. Компаративен метод, како специфичен метод на спознавање на вистината, со кои ќе се одбегне презентирање на непотребните елементи.

### *Испитаници*

Во проектот ќе бидат вклучени и испитани родители, ученици и дел од пресоналот на СУГС Гимназија „Орце Николов”.

Од секоја година ќе бидат испитани по 10 ученици, кои ќе бидат избрани по метод на случаен избор.

Родителите кои ќе бидат вклучени во истражувањето, ќе бидат избрани по случаен избор според списокот на одборите на родителите од сите четири наставни години.

Персоналот на „Орце Николов” кој ќе биде вклучен во истражувањето, ќе биде избран по случаен избор, и тоа: по тројца професори од секој актив, педагошката служба, директорот и техничкиот персонал.

Иструменти кои се користени при истражувањето:
- анкетен прашалник (стандардизиран);
- интервју;
- потсетник.

***Резултати***

Според статистичките показатели, малолетничкото престапништво во последниве години покажува поголемо учество во севкупниот криминалитет, побрза динамика на пораст и потешки и поопасни облици на напад врз општествените вредности. Во прилог на оваа констатација е и фактот дека во последните три години од вкупниот број расветлени кривични дела, 28,3% се извршени од малолетни сторители, а децата меѓу малолетните сторители учествуваат со повеќе од една четвртина.

Покрај овој негативен факт постои и уште нешто во кое малолетничките деликвенти земаат се поголем замав. Инаку досега карактеристики на малолетничките деликвенти беа: **обичните кражби, кражби на делови од возило, џебни кражби, кражби во продавници, станови, трафики, магацини, подруми и одземање на моторно возило.** Тоа што сега се појавува како новост во структурата на кривичните дела кај малолетниците се кривичните дела против **животот и телото.**

Малолетниците и децата својата „криминална кариера” ја започнуваат со вршење имотни деликти коишто се најдостапни, затоа што на тој начин ги задоволуваат своите материјални потреби. Имајќи го предвид фактот дека 2/3 од полнолетните повратници со криминална активност почнале како малолетници и дека учеството на малолетниците во вкупниот број сторители на кривични дела е висок, мора да констатираме дека борбата против малолетничката деликвенција мора да почне многу порано, да се води постручно, односно поорганизирано.

Табела 1: Структурното учество на одделни возрасни категории на малолетни сторители.

| **Година** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Деца | 50 | 33 | 29 | 43 | 35 | 17 | 15 | 222 |
| Помлади малолетници | 53 | 42 | 48 | 43 | 27 | 31 | 23 | 267 |
| Постари малолетници | 29 | 32 | 32 | 59 | 35 | 33 | 30 | 250 |

Табела 2: Статистичките податоци на Заводот за статистика во времетраење од 2000 - 2005 година, за видот и типот на делата извршени од страна на малолетници.

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против животот и телото | 79 | 72 | 68 | 70 | 90 | 82 | 461 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и ѓраѓанинот | 2 | 1 | 4 | 2 | 7 | 2 | 18 |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | / | 3 | 1 | 3 | 2 | 10 |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 18 | 11 | 10 | 16 | 11 | 15 | 81 |
| Кривични дела против имотот | 1539 | 1215 | 1028 | 1029 | 1202 | 1015 | 7028 |

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Убиство | 3 | 6 | 1 | 8 | 6 | 4 | 28 |
| Убиство од небрежност | / | / | 1 | 1 | / | / | 2 |
| Телесна повреда | 23 | 22 | 14 | 24 | 27 | 27 | 137 |
| Тешка телесна повреда | 44 | 33 | 17 | 24 | 37 | 24 | 176 |
| Учество во тепачка | 4 | 3 | 29 | 7 | 8 | 25 | 76 |
| Силување | 12 | 3 | 3 | 7 | 2 | 4 | 31 |
| Посредување во вршење проституција | / | 3 | 1 | 1 | / | / | 5 |
| Кражба | 270 | 201 | 155 | 201 | 256 | 271 | 1354 |
| Тешка кражба | 1066 | 854 | 725 | 698 | 768 | 551 | 4662 |
| Разбојништво | 44 | 55 | 38 | 40 | 82 | 89 | 348 |
| Разбојничка кражба | 1 | 4 | 1 | 2 | 5 | 2 | 15 |
| Одземање на моторно возило | 138 | 95 | 91 | 73 | 67 | 80 | 544 |
| Измама | 5 | / | 3 | 3 | 1 | 2 | 14 |
| Изнуда | 6 | / | 1 | 3 | 3 | 1 | 14 |
| Насилство | 9 | 19 | 23 | 30 | 37 | 15 | 133 |
| Грабнување | 2 | 1 | / | / | / | 1 | 4 |

За илустрација, еве неколку примери на малолетници кои ги признаваат своите деликти.

- Зоран Т. шеснаесетгодишен скопјанец со богато криминално досие, вели: „Моите видоа дека имам телефон, ама не ме прашаа од каде ми е. После со уште двајца мои другари обивавме коли, крадевме радија и касетофони, ги продававме на пазар и имав пари. Им давав и на родителите, тие разбраа дека крадам, ама си молчат".

- „Крадам на Бит пазар и на Зелено пазарче, а најчесто во автобус. Таму каде што има гужва најлесно можам без да ме приметат, некому да му го украдам новчаникот. Како да брцкам во туѓи џебови, а да не ме фатат, ме научи татко ми кога имав девет години. Знаеш, ние дома во Шутка сме пет деца, мајка ми не работи, а татко ми цел ден пие. Парите што ги крадам ми ги зема тој, а тоа што ќе го сокријам од него е за јадење за мајка ми и за моите браќа" - вели четиринаесетгодишниот Суат.

- „Моите нити се интересираа, нити знаеа дека крадам. Тие мислеа дека имам сѐ што ми е потребно и немаа време ни за мене ни за моите брат и сестра. Полицијата прв пат нѐ фати кога крадевме од бутиците низ Трговски, кога почна војната. Татко ми беше во шок кога го викнаа во полициска станица, каде што бевме", вели дваесетгодишниот Владо, чиј татко е адвокат.

Табеларен преглед на извршена анкета во СГУС „Орце Николов" - Скопје

| Испитаници/ анкета | Малолетничката деликвенција ја осудувате како | | Дали досега сте извршиле криминално дело? | |
|---|---|---|---|---|
| | Потполно негативна | Не го загрозува општ. развој | ДА | НЕ |
| Ученици | 79% | 21% | 8 | 92 |
| Родители | 85% | 15% | 9 | 91 |
| Персонал | 89% | 11% | 7 | 93 |



| Испитаници/ анкета | Дали би се впуштиле во криминал? | | | Кои се причите за мал. криминал? | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не знам | Не | Немање матер. средства | Авантурис-тички дух на мла-дите | Факторот друштво |
| Ученици | 10% | 15% | 75% | 41% | 15% | 44% |
| Родители | 8% | 9% | 83% | 20% | 5% | 75% |
| Персонал | 3% | 16% | 81% | 30% | 7% | 63% |




| Испитаници/анкета | Кои се најтешките кривични дела? | | | Дали затворот делува позитивно? | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Џепни кражби | Крадење возила | Тепачки и разбојништво | ДА | НЕ |
| Ученици | 55% | 30% | 15% | 83% | 17% |
| Родители | 62% | 21% | 17% | 75% | 25% |
| Персонал | 64% | 17% | 19% | 81% | 19% |




Успешно спроведената анкета, помеѓу учениците, родителите, како и вработените во Гимназијата „Орце Николов”, ги потврди хипотезата и помошните хипотези кои ги поставив на почетокот на оваа задача. Во продолжение следуваат резултатите од истражувањето, табеларно илустрирани. Подетално за размислувањата на анкетираните е изнесено во делот именуван како ***Коментари***.

***Коментари***

Врз основа на спроведеното истражување и посетата на соодветните институции кои се занимаваат со проблемот на малолетничката деликвенција, произлегува дека таа не само предизвикува големо внимание и будно се следи, туку претставува и значаен индикатор на пореметувањата и недостатоците во семејната, образовната, воспитната, културната и социјалната сфера.

За илустрација, статистичките податоци покажуваат дека во изминативе години малолетничкиот криминал во нашата држава е во пораст. Од година во година се спушта старосната граница и ако до пред две години сторители на криминал меѓу младите беа најчесто оние на шеснаесет или седумнаесет години, денес таа граница е спуштена дури на четиринаесетгодишна возраст.

Од анкетата можам да го претставам нивниот коментар, т.е. да го искажам нивното мислење по зададената тема. Имено, малолетничката деликвенција, несомнено, ја сметаат за едно од најголемите зла на денешницата, вклучувајќи ги тука и останатите општествени негативни појави како: наркоманијата, проституцијата, алкохолизмот... Сите овие испитаници се едногласни во однос на тоа да се стави стоп на деликвенцијата кај младите и да се спроведе акција во која покрај семејството, државните органи и воспитно - образовните институции, ќе се вклучат и многубројните навладини организации и медиумите. Превенцијата, следењето и преземањето мерки за спречување на малолетничката деликвенција е од посебен интерес дотолку повеќе што малолетничкиот криминалитет е индикатор за согледување на состојбите во општеството, особено од гледна точка на односите во социјалната, семејната и образовната сфера.

Во продолжение ги приложувам коментарите, ставовите, фактите и мислењата на инспекторот за малолетничка деликвенција од МВР, добиени од интервјуто направено со него на тема: Малолетничка деликвенција.

- **Малолетничкото престапништво се манифестира со:**
  1. Повреда на кривично - правните норми (вршење кривични дела)
  2. Повреда на прекршочните норми (прекршоци во сообраќајот, ЈРМ, проституција, насилничко однесување, оддавање на алкохол...)
  3. Повреда на моралните норми (бегство од дома, од училиште, дрско и насилничко однесување...).

- **Според Кривичниот закон на Република Македонија ги разликуваме следниве категории млади извршители:**
  - **Под дете се подразбира малолетник кој (**во време на извршувањето на делото**) не наполнил четиринаесет години.** Кон нив не може да се применат казнено-правни санкции. Но, во случај кога малолетник - дете ќе направи некое тешко дело (пр., убиство), кон него можат да се преземат вонказнени - правни

мерки (воспитување, грижа и надзор од страна на социјалните и други служби).

- **Под помлад малолетник се подразбира малолетник (**кој сторил казнено дело**) на возраст од четиринаесет до шеснаесет години** и на него можат да му е изречат само воспитни мерки.
- **Под постар малолетник се подразбира малолетник кој (**во време на извршувањето на делото**) наполнил шеснаесет години, а не наполнил осумнаесет години.** На постар малолетник можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок и малолетнички затвор.
- **Под помалади полнолетни лица се подразбираат лица кои во време на судењето наполниле осуманаесет, а не наполниле дваесет и една година.**

- **Карактеристики на малолетничките деликвенти:**
  - најчесто одат во групи од 2 - 3 лица;
  - малолетниците често се поттикнувани од младите полнолетници, кои често им се водачи;
  - алкохолот кај малолетничката деликвенција игра значајна улога;
  - малолетните деликвенти имаат потпросечен степен на интелигенција;
  - при вршење на кривичните дела, особено кај имотните деликти, нанесуваат низа непотребни штети на местото на настанот, што укажува на голема агресија;
  - помалите малолетници најчесто крадат прехранбени продукти и алкохолни пијалаци, а постарите малолетници техничка роба;
  - украдените предмети најчесто ги сокриваат во близина на живеалиштето, состанувалиштето, родителскиот дом и ги продаваат за многу мали надоместоци;
  - покрај имотните деликти, малолетниците се присутни и во проституцијата, хомосексуализмот, наркоманијата.

- **Значајно да се истакне:**
  - На малолетникот не може да му се суди во отсуство.
  - Постапката за малолетниците е итна.
  - Во постапката е исклучена јавноста.

Според истражувањата и сознанијата што ги продлабочив преку оваа проектна задача за мене малолетничката деликвенција претставува опасност за нормалниот развој на младата популација во нашата држава. За мене во денешното време на транзиција исполнето со сиромаштија, безработица, криминал и многу други зла, ми беше предизвик да се обидам да ги истражам девијантните однесувања на младите во мојата средина, кои се тие, од каква семејна и материјална средина потекнуваат, зошто се решиле на таков пат и, најважното, што направила државата за да ги заштити младите од таквиот предизвик, за да ги спречи криминалот, проституцијата, алкохолизмот, наркоманијата...

***Заклучок***

Зафаќајќи се со темата „Девијантно однесување", која како појава предизвикува општествена реакција на негодување, односно прекршување на општествено дозволените норми, дојдов до сознанија и заклучоци кои упатуваат на тоа дека малолетничкиот криминал е во пораст. Од година во година се зголемува бројот на малолетниците кои прават кривични дела. Се спушта возраста кога малолетниците ги прават првите деликти и таа граница денес е пред да наполнат четиринаесет години. Се прават сѐ потешки и посурови кривични дела кои во минатото не беа карактеристика за малолетниците. Се зголемува процентот на имотни деликти, но се вршат и нови видови кои се многу потешки и посурови.

Со резултатите од истражувањето се потврдува појдовната хипотеза за општествената условеност на малолетничкиот криминал. Во тој правец во услови на транзиција, постојат појави кои влијаат на зголемувањето на криминалот, а тоа се: осиромашувањето на населението, невработеноста, нарушувањето на вредностите на системот и нефункционирањето на институциите во државата. Наведените појави директно влијаат на положбата, состојбата и односите во семејството.

***Литература***

1. м-р Нанев Л, 1997 година „Положбата на малолетникот во кривичната постапка”, Скопје, Правен факултет

2. Наумовски В.Д., 2007 година „Политика на сузбивање и спречување на малолетничкиот криминал - со посебен осврт на казната малолетнички затвор”, Скопје, Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, магистерска теза

3. „Национална стратегија за малолетници на Р.Македонија”

4. Република Македонија, Државен завод за статистика, 2006 година „Статистички преглед: Население и социјални статистики - Сторители на кривични дела во 2005”, Скопје

5. Република Македонија, Државен завод за статистика, 2005 година, „Статистички преглед: Население и социјални статистики - Сторители на кривични дела во 2004”, Скопје

6. Стојановски Н, 1997 година, „Социјална патологија”, Скопје, Просветно дело

7. Шпадиер - Џиниќ Ј., 1988 година „Социјална патологија - Социологија на девијантностите”, Белград, Завод за учебници и наставни помагала

**А Н К Е Т А**

1. **Појавата на малолетничката деликвенција и другите девијантни појави кај младите ги осудувате како:**
   - потполно негативни и треба веднаш да се преземат мерки за нивно санкционирање
   - мислам дека не придонесуваат за загрозување на развојот на општествената заедница

2. **Дали досега сте извршиле некое криминално дело?**
   - да
   - не

3. **Дали некогаш би се впуштиле во криминал?**
   - да
   - не знам
   - не

4. **Од кои причини младите започнуваат со криминал?**
   - немање доволно материјални средства
   - авантуристички дух на младите и потреба од нова возбуда
   - факторот друштво

5. **Дали затворот како установа делува позитивно на малолетниците?**
   - да
   - не

6. **Кои се најчестите кривични дела кои младите ги извршуваат?**
   - џебни кражби
   - крадење на возила и велосипеди
   - тепачки и разбојништво.